Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество
Këshillit për bashkëpunim midis Qeverisë dhe shoqërisë civile

Скопје/Shkup, 3.11.2021година/viti

# ЈАВЕН ПОВИК

за учество на еден претставник на граѓанското општество во
Секторската комисија за уметност

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, на барање на Одборот за национална рамка на квалификации, објавува Јавен повик за учество на еден претставник на граѓанското општество во Секторската комисија за уметност.

Согласно член 16 став (9) алинеја 8 и 9 од Законот за Национална рамка за квалификации („Службен весник на РМ“ бр. 137/2013 и 30/2016) Националниот одбор формира секторски комисии за квалификации, утврдува соодветни критериуми за работата на секторски комисии за квалификации и дава насоки за нивното работење. Дополнително, согласно член 18 од истиот закон Националниот одбор за секој сектор за квалификација од членот 14 став (4) од Законот за Национална рамка за квалификации формира секторска комисија за квалификации. Секторската комисија за квалификации има претседател и осум члена и тоа по еден член од надлежното министерство, Министерството за образование и науката, здружението на работодавачи од соодветниот сектор, репрезентативниот синдикат на вработените од соодветниот сектор, универзитетите, Центарот за стручно образование и обука, Центарот за образование на возрасните, Бирото за развој на образованието и соодветното тело надлежно за регулирани професии (адвокатска комора, лекарска комора, инженерска комора и друго). Претседателот и членовите на секторската комисија за квалификации имаат мандат од четири години, со право на уште еден мандат. Секторската комисија за квалификации донесува деловник за својата работа на кој согласност дава Националниот одбор. Стручните и административните работи за потребите на секторската комисија за квалификации ги врши Министерството за образование и наука. На претседателот и членовите на секторската комисија за квалификации им следува надоместок за работата во секторската комисија чија висина ја утврдува министерот надлежен за работите од областа на образованието врз основа на присуството на седниците на секторската комисија.

Согласно член 19 од истиот закон, секторските комисии за квалификации:

- ја анализираат состојбата и тенденциите на пазарот на трудот,
- предлагаат квалификации за сектор/потсектор на квалификации од I до V ниво, односно за научно подрачје, поле и област за квалификациите од VI до VIII ниво,
- ги анализираат постојните квалификации,
- вршат евалуација на постојните квалификации,
- ги идентификуваат потребите за сите видови на квалификации во согласност со потребите на пазарот на трудот и општеството во целина,


Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество
Влада на Република Северна Македонија

Këshillit për bashkëpunim midis Qeverisë dhe shoqërisë civile
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија

Bul. „Ilinden“ nr. 2, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

nvosorabotka@gs.gov.mk
www.nvosorabotka.gov.mk

- разгледуваат предлози за воведување на нови квалификации,
- предлагаат приоритети во развојот на нови или дополнување на постојните квалификации,
- го подготвуваат основниот профил на квалификацијата,
- даваат мислење за усогласеноста на стандардите на занимањата/стандардите на квалификации со испитните програми,
- формираат комисија за оценување и потврдувањето на резултатите од учењето (знаења, вештини и компетенции) во неформалното образование и обука,
- ги промовираат секторите на квалификации и можностите за вработување во нив и
- доставуваат годишни извештаи за својата работа до Националниот одбор.

Кандидатите за член на Секторската комисија за уметност, потребно е да бидат поддржани од организации кои:

1. се регистрирани согласно одредбите на Законот за здруженија и фондации најмалку три години пред објавувањето на јавниот повик;
2. во статутот имаат утврдено дејности и цели во областа на културата и уметноста;
3. работењето и дејствувањето е насочено кон пошироката јавност и кон интересите на заедницата.

Кандидатите за член на Секторската комисија за уметност треба да ги исполнуваат следните услови:

1. Квалификации и вештини:
   - Високообразовна квалификација (најмалку VIA ниво, VII/2 степен) од областа на секторот уметност;
   - Компјутерски вештини (MS Office);
   - Познавање на англиски јазик (најмалку B1 ниво).

2. Општо професионално искуство:
   - Најмалку 5 години работно искуство во секторот уметност;
   - Познавање на занимањата во секторот уметност.

3. Посебно професионално искуство:
   - Учество во разни органи, тела и комисии од областа на трудот, вработувањето и образованието;
   - Учество во проекти и развивање на програми.

4. Специфични барања:
   - Независни и ослободени од конфликт на интереси во надлежностите утврдени со учеството во секторската комисија за квалификации;
   - Да не се членови на органи на политички партии;
   - Да не се избрани или именувани лица; и
   - Да не се вработени во орган на државната управа.

Пријавувањето се врши на образец што може да се преземе од веб-страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

Кон пријавата (потполнет образец, потпишан од застапникот на организацијата и заверен со печат на организацијата) треба да се приложи:

1. кратка биографија на кандидатот и
2. профил на организацијата која предлага кандидат.


Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество
Влада на Република Северна Македонија
Këshillit për bashkëpunim midis Qeverisë dhe shoqërisë civile
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
Bul. „Ilinden“ nr. 2, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
nvosorabotka@gs.gov.mk
www.nvosorabotka.gov.mk

**Рокот за поднесување на пријавите е најдоцна до 12 ноември 2021 година**.

Здруженијата и фондациите не можат да поднесат повеќе од една пријава.

Пријавите со непотполна документација или поднесени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат.

Пријавата со целокупната документација треба да се достави преку електронска пошта на nvosorabotka@gs.gov.mk со назнака „Пријава за Секторска комисија за уметност“.


Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество
Влада на Република Северна Македонија

Këshillit për bashkëpunim midis Qeverisë dhe shoqërisë civile
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија

Bul. „Ilinden“ nr. 2, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

nvosorabotka@gs.gov.mk
www.nvosorabotka.gov.mk